# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 143** **28 јуни 2021, понеделник** **година LXXVII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2384. | **Указ** бр. 7 од Претседателот на Република Северна Македонија............ | 2 |
| 2385. | **Решение** за прогласување на единечно стебло Кочеџик во дворот на црквата „Св. Богородица Перивлепта“ за природна реткост..................... | 2 |
| 2386. | **Решение** за прогласување на Чинар пред зградата на Црвен крст за природна реткост..................................... | 3 |
| 2387. | **Решение** за прогласување на Чинар во централно градско подрачје на Општина Охрид за природна реткост..................................................... | 4 |
| 2388. | **Решение** за прогласување на Чинар - Влашка Маала за природна реткост..................................................... | 5 |
| 2389. | **Решение** за прогласување на Чинар - Кошишта за природна реткост ........ | 6 |
| 2390. | **Решение** за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на Њукастелска болест во Република Северна Македонија по потекло од Република Косово ......................... | 7 |
| 2391. | **Одлука** за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт ..... | 8 |
| 2392. | **Правилник** за изменување на Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија............................................... | 10 |
| 2393. | **Тарифен систем** за изменување на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај.............................................. | 11 |
| | **Огласен дел**............................................ | 1-100 |

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2384.**

**Указ бр. 7**

**од 28.6.2021 година**

Врз основа на член 18, став 1, точка 12 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011, 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020), и член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 275/2019 и 14/2020)

**СЕ ПОСТАВУВА**

**полковник Блерим Волина**

**ЗА ОДБРАНБЕНО АТАШЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО АНКАРА, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА**

ФЧ: полковник, по формација полковник

лична ВЕС: 31040

До сега: Началник на одделение, во Одделение за снабдување и услуги, во Ј4 Секција за логистика, во Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија „А“, Скопје

Овој Указ да се изврши веднаш.

Бр. 06-801/1
28 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**2385.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЕДИНЕЧНО СТЕБЛО КОЧЕЏИК ВО ДВОРОТ НА ЦРКВАТА СВ. БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТА ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

Член 1

Се прогласува за природна реткост единечно стебло од Кочеџик или Копривка (Celtis australis L.) кое се наоѓа во централното градско подрачје на Општина Охрид, во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта.

Член 2

Називот на природната реткост е „Кочеџик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта“.

Член 3

Природната реткост Кочеџик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во градот Охрид, на КО Охрид 3, КП бр.15621/1.

Положбата на Кочеџик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта според Гаус-Кригеровата проекција е со следните правоаголни координати:

X = 4552303.11
Y = 7483248.55

Член 4

Со природната реткост Кочеџик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта управува Општина Охрид, а во име на општината, градоначалникот на општина Охрид (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 5

Со цел да се спречи оштетување, уништување и нагрдување на природната реткост Кочеџик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта како и извршување на други активности од страна на физички и правни лица, со кои директно или индиректно може да се загрози природната реткост, градоначалникот се грижи и презема активности за чување и одржување на природната реткост заради спречување на:

- палење оган во близина на стеблото или негово опожарување;
- сечење и кршење гранки;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- кинење на листови;
- напад од инсекти и габи;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- поставување на табли и други материјали на стеблото;
- истакнување на соопштенија и друг рекламен материјал на природната реткост;
- расфрлање на отпад и шут во близина на стеблото и неговата непосредна околина;
- исфрлување на отпадни масла од моторни возила и отпадни води во близина на корените од стеблото;
- употреба на хемиски препарати во близина на стеблото и неговата непосредна околина и

- вршење на други активности кои можат да придонесат за изменување на пејсажниот и визуелниот изглед на стеблото, ограничување или нарушување на кореновиот систем и нарушување на интегритетот и природниот изглед на природната реткост.

Член 6

Заради заштита на природната реткост од опасностите од член 5 од ова решение, градоначалникот:

- спроведува заштитно-конзерваторски мерки (отстранување на сувите гранки и правилно изведување на пресеците на гранките и нивно соодветно третирање, третирање на претходно направените оштетувања од нестручно сечење и санирање на гранките, зимско третирање на стеблото, редовни фитосанитарни контроли, повремено ѓубрење како на корен, така и фолијарно прихранување, наводнување по потреба и др.) во соработка со стручен тим на експерти од областа на шумарството и природните науки по добиено мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува научни истражувања на природната реткост по добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува континуиран мониторинг на физичката и физиолошката состојба на стеблото;

- ја означува природната реткост со поставување на информативна табла на која ќе бидат наведени основните податоци за природната реткост;

- спроведува едукација на локалното население за потребата од заштита и зачувување на природната реткост и

- врши промоција на природната реткост како туристичка дестинација пред домашната и меѓународната јавност.

Спроведувањето на активности и дејствија во непосредна околина на природната реткост Кочеџик во дворот на црквата Св. Богородица Перивлепта, како што се изградба на пристапни патеки и уредување на места за одмор, како и спроведување на други активности за уредување и користење на просторот на природната реткост се врши на начин со кој се обезбедува заштита и управување со природната реткост.

Член 7

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.13-3208/1
16 јуни 2021 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Насер Нуредини,** с.р.

**2386.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЧИНАР ПРЕД ЗГРАДАТА НА ЦРВЕН КРСТ ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

Член 1

Се прогласува за природна реткост единечно платаново стебло - Чинар (Platanus orientalis L.) кое се наоѓа во централното градско подрачје на Општина Охрид, на улицата „Димитар Влахов“, непосредно пред зградата на Црвениот Крст.

Член 2

Називот на природната реткост е „Чинар пред зградата на Црвен Крст“.

Член 3

Природната реткост Чинар пред зградата на Црвен Крст се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во градот Охрид, на КО Охрид 3, КП бр.15556/1.

Положбата на Чинар пред зградата на Црвен Крст според Гаус-Кригеровата проекција е со следните правоаголни координати:

X= 4552101.74
Y= 7484248.66

Член 4

Со природната реткост Чинар пред зградата на Црвен Крст управува Општина Охрид, а во име на општината, градоначалникот на општина Охрид (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 5

Со цел да се спречи оштетување, уништување и нагрдување на природната реткост Чинар пред зградата на Црвен Крст како и извршување на други активности од страна на физички и правни лица, со кои директно или индиректно може да се загрози природната реткост, градоначалникот се грижи и презема активности за чување и одржување на природната реткост заради спречување на:

- палење огин во близина на стеблото или негово опожарување;
- сечење и кршење гранки;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- кинење на листови;
- напад од инсекти и габи;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- поставување на табли и други материјали на стеблото;
- истакнување на соопштенија и друг рекламен материјал на природната реткост;

- расфрлање на отпад и шут во близина на стеблото и неговата непосредна околина;

- исфрлување на отпадни масла од моторни возила и отпадни води во близина на корените од стеблото;

- употреба на хемиски препарати во близина на стеблото и неговата непосредна околина и

- вршење на други активности кои можат да придонесат за изменување на пејсажниот и визуелниот изглед на стеблото, ограничување или нарушување на кореновиот систем и нарушување на интегритетот и природниот изглед на природната реткост.

Член 6

Заради заштита на природната реткост од опасностите од член 5 од ова решение, градоначалникот:

- спроведува заштитно-конзерваторски мерки (отстранување и откорнување на целиот бршлен кој го има препокриено стеблото, проредување на гранки, третирање/прскање со заштитни зимски инсектициди и фунгициди, апликација на заштитни препарати при утврдени заболувања или појава на штетници, следење на здравствената состојба на стеблото и др.) во соработка со стручен тим на експерти од областа на шумарството и природните науки по добиено мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува научни истражувања на природната реткост по добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува континуиран мониторинг на физичката и физиолошката состојба на стеблото;

- ја означува природната реткост со поставување на информативна табла на која ќе бидат наведени основните податоци за природната реткост;

- спроведува едукација на локалното население за потребата од заштита и зачувување на природната реткост и

- врши промоција на природната реткост како туристичка дестинација пред домашната и меѓународната јавност.

Спроведувањето на активности и дејствија во непосредна околина на природната реткост Чинар пред зградата на Црвен Крст, како што се изградба на пристапни патеки и уредување на места за одмор, како и спроведување на други активности за уредување и користење на просторот на природната реткост се врши на начин со кој се обезбедува заштита и управување со природната реткост.

Член 7

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.13-3209/1<br>16 јуни 2021 година<br>Скопје | Министер за животна средина<br>и просторно планирање,<br>**Насер Нуредини,** с.р. |

**2387.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЧИНАР ВО ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

Член 1

Се прогласува за природна реткост единечно платаново стебло - Чинар (Platanus orientalis L.) кое се наоѓа во централното градско подрачје на општина Охрид, на крстосницата меѓу улица „Јане Сандански“ и булевар „Туристичка“.

Член 2

Називот на природната реткост е „Чинар во централно градско подрачје на општина Охрид“.

Член 3

Природната реткост Чинар во централно градско подрачје на општина Охрид се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во градот Охрид, на КО Охрид 3, КП бр. 11741/1.

Положбата на Чинар во централно градско подрачје на општина Охрид, според Гаус-Кригеровата проекција е со следните правоаголни координати:

X= 4552120.09
Y= 7484403.74

Член 4

Со природната реткост Чинар во централно градско подрачје на општина Охрид, управува општина Охрид, а во име на општината, градоначалникот на Општина Охрид (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 5

Со цел да се спречи оштетување, уништување и нагрдување на природната реткост Чинар во централно градско подрачје на Општина Охрид како и извршување на други активности од страна на физички и правни лица, со кои директно или индиректно може да се загрози природната реткост, градоначалникот се грижи и презема активности за чување и одржување на природната реткост заради спречување на:

- палење огин во близина на стеблото или негово опожарување;
- сечење и кршење гранки;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- кинење на листови;
- напад од инсекти и габи;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- поставување на табли и други материјали на стеблото;
- истакнување на соопштенија и друг рекламен материјал на природната реткост;

- расфрлање на отпад и шут во близина на стеблото и неговата непосредна околина;

- исфрлување на отпадни масла од моторни возила и отпадни води во близина на корените од стеблото;

- употреба на хемиски препарати во близина на стеблото и неговата непосредна околина и

- вршење на други активности кои можат да придонесат за изменување на пејсажниот и визуелниот изглед на стеблото, ограничување или нарушување на кореновиот систем и нарушување на интегритетот и природниот изглед на природната реткост.

Член 6

Заради заштита на природната реткост од опасностите од член 5 од ова решение, градоначалникот:

- спроведува заштитно-конзерваторски мерки во соработка со стручен тим на експерти од областа на шумарството и природните науки (проредување/кастрење на крошната од гранки, зимско третирање, редовни фитосанитарни контроли, повремено ѓубрење на коренот и folијарно, наводнување по потреба и др.) по добиено мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува научни истражувања на природната реткост по добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува континуиран мониторинг на физичката и физиолошката состојба на стеблото;

- ја означува природната реткост со поставување на информативна табла на која ќе бидат наведени основните податоци за природната реткост;

- спроведува едукација на локалното население за потребата од заштита и зачувување на природната реткост и

- врши промоција на природната реткост како туристичка дестинација пред домашната и меѓународната јавност.

Спроведувањето на активности и дејствија во непосредна околина на природната реткост Чинар во централно градско подрачје на Општина Охрид, како што се изградба на пристапни патеки и уредување на места за одмор, како и спроведување на други активности за уредување и користење на просторот на природната реткост се врши на начин со кој се обезбедува заштита и управување со природната реткост.

Член 7

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.13-3211/1<br>16 јуни 2021 година<br>Скопје | Министер за животна средина<br>и просторно планирање,<br>**Насер Нуредини,** с.р. |

**2388.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЧИНАР - ВЛАШКА МААЛА ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

Член 1

Се прогласува за природна реткост единечно платаново стебло - Чинар (Platanus orientalis L.) кое се наоѓа во населбата Влашка Маала во Општина Охрид, на крстосницата меѓу улицата „Питу Гули“ и улицата „Марко Несторoски“.

Член 2

Називот на природната реткост е „Чинар - Влашка Маала“.

Член 3

Природната реткост Чинар - Влашка Маала се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во градот Охрид, на КО Охрид 2, КП бр. 10017/2.

Положбата на Чинар - Влашка Маала според Гаус-Кригеровата проекција е со следните правоаголни координати:

X= 4552980.19
Y= 7484773.76

Член 4

Со природната реткост Чинар - Влашка Маала управува Општина Охрид, а во име на општината, градоначалникот на општина Охрид (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 5

Со цел да се спречи оштетување, уништување и нагрдување на природната реткост Чинар - Влашка Маала како и извршување на други активности од страна на физички и правни лица, со кои директно или индиректно може да се загрози природната реткост, градоначалникот се грижи и презема активности за чување и одржување на природната реткост заради спречување на:

- палење огин во близина на стеблото или негово опожарување;
- сечење и кршење гранки;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- кинење на листови;
- напад од инсекти и габи;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- поставување на табли и други материјали на стеблото;
- истакнување на соопштенија и друг рекламен материјал на природната реткост;
- расфрлање на отпад и шут во близина на стеблото и неговата непосредна околина;
- исфрлување на отпадни масла од моторни возила и отпадни води во лизина на корените од стеблото;
- употреба на хемиски препарати во близина на стеблото и неговата непосредна околина и
- вршење на други активности кои можат да придонесат за изменување на пејсажниот и визуелниот изглед на стеблото, ограничување или нарушување на кореновиот систем и нарушување на интегритетот и природниот изглед на природната реткост.

Член 6

Заради заштита на природната реткост од опасностите од член 5 на ова решение, градоначалникот:

- спроведува заштитно – конзерваторски мерки во соработка со стручен тим на експерти од областа на шумарството и природните науки (проредување/кастрење на крошната од гранки, зимско третирање на стеблото, редовни фитосанитарни контроли, повремено ѓубрење како на коренот, така и фолијарно, наводнување по потреба и др.) по добиено мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.
- спроведува научни истражувања на природната реткост по добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање;
- спроведува континуиран мониторинг на физичката и физиолошката состојба на стеблото;
- ја означува природната реткост со поставување на информативна табла на која ќе бидат наведени основните податоци за природната реткост;
- спроведува едукација на локалното население за потребата од заштита и зачувување на природната реткост и
- врши промоција на природната реткост како туристичка дестинација пред домашната и меѓународната јавност.

Спроведувањето на активности и дејствија во непосредна околина на природната реткост Чинар - Влашка Маала, како што се изградба на пристапни патеки и уредување на места за одмор, како и спроведување на други активности за уредување и користење на просторот на природната реткост се врши на начин со кој се обезбедува заштита и управување со природната реткост.

Член 7

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.13-3215/1 | Министер за животна средина |
| 16 јуни 2021 година | и просторно планирање, |
| Скопје | **Насер Нуредини,** с.р. |

**2389.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЧИНАР - КОШИШТА ЗА ПРИРОДНА РЕТКОСТ**

Член 1

Се прогласува за природна реткост единечно платаново стебло - Чинар (Platanus orientalis L.) кое се наоѓа во централното градско подрачје на Општина Охрид, на крстосницата на улиците „Гоце Делчев“ и „Абас Емин“ на локалитетот наречен Кошишта.

Член 2

Називот на природната реткост е „Чинар - Кошишта“.

Член 3

Природната реткост Чинар - Кошишта се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, во градот Охрид, на КО Охрид 3, КП бр.14548/1.

Положбата на Чинар - Кошишта според Гаус-Кригеровата проекција е со следните правоаголни координати:

X= 4552624.62
Y= 7483481.02

Член 4

Со природната реткост Чинар - Кошишта управува општина Охрид, а во име на општината, градоначалникот на општина Охрид (во натамошниот текст: градоначалникот).

Член 5

Со цел да се спречи оштетување, уништување и нагрдување на природната реткост Чинар-Кошишта како и извршување на други активности од страна на физички и правни лица, со кои директно или индиректно може да се загрози природната реткост, градоначалникот се грижи и презема активности за чување и одржување на природната реткост заради спречување на:

- палење огин во близина на стеблото или негово опожарување;
- сечење и кршење гранки;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- кинење на листови;
- напад од инсекти и габи;
- оштетување на дрвесината на стеблото;
- поставување на табли и други материјали на стеблото;
- истакнување на соопштенија и друг рекламен материјал на природната реткост;
- расфрлање на отпад и шут во близина на стеблото и неговата непосредна околина;
- исфрлување на отпадни масла од моторни возила и отпадни води во близина на корените од стеблото;
- употреба на хемиски препарати во близина на стеблото и неговата непосредна околина и
- вршење на други активности кои можат да придонесат за изменување на пејсажниот и визуелниот изглед на стеблото, ограничување или нарушување на кореновиот систем и нарушување на интегритетот и природниот изглед на природната реткост.

Член 6

Заради заштита на природната реткост од опасностите од член 5 од ова решение, градоначалникот:

- спроведува заштитно-конзерваторски мерки (следење на механичката стабилност на стеблото, кроење и статичко обезбедување на стеблото, третирање со заштитни зимски инсектициди и фунгициди, отстранување на тревест растителен материјал и паднати листови под стеблото, отстранување на инфицирани листови и гранчиња од стеблото, апликација на заштитни препа-

рати при утврдени заболувања или појава на штетници во соработка со стручен тим на експерти од областа на шумарството и природните науки по добиено мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува научни истражувања на природната реткост по добиена дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- спроведува континуиран мониторинг на физичката и физиолошката состојба на стеблото;

- ја означува природната реткост со поставување на информативна табла на која ќе бидат наведени основните податоци за природната реткост;

- спроведува едукација на локалното население за потребата од заштита и зачувување на природната реткост и

- врши промоција на природната реткост како туристичка дестинација пред домашната и меѓународната јавност.

Спроведувањето на активности и дејствија во непосредна околина на природната реткост Чинар - Кошишта, како што се изградба на пристапни патеки и уредување на места за одмор, како и спроведување на други активности за уредување и користење на просторот на природната реткост се врши на начин со кој се обезбедува заштита и управување со природната реткост.

Член 7

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.13-3217/1 | Министер за животна средина |
| 16 јуни 2021 година | и просторно планирање, |
| Скопје | **Насер Нуредини,** с.р. |

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**2390.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ЊУКАСТЕЛСКА БОЛЕСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО

Член 1

(1) Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на Њукастелска болест се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од Република Косово.

(2) Забраната од став (1) на овој член се применува на следните пратки:

1) живина, и тоа кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, препелници, гулаби, фазани, еребици и ноеви (ratitae) размножувани или чувани во затворен или ограден простор заради одгледување или чување за: размножување, производство на месо или јајца за исхрана или за обновување на популација на дивеч,

2) јајца за ведење, и тоа јајца за инкубација снесени од живина,

3) птици, и тоа животни од класата Aves, освен:

- живина,

- птици кои се увезуваат согласно програмите за зачувување на одредени видови птици,

- домашни миленици во придружба на сопственикот,

- птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти,

- птици наменети за научно-истражувачки институти или центри и

- гулаби-писмоносци внесени на територијата на Република Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени,

4) конзумни јајца од живина и пернат дивеч,

5) производи од јајца од живина и пернат дивеч,

6) семе за вештачко осеменување од живина и пернат дивеч,

7) месо, мелено месо, подготовки од месо и механички обескоскено месо од живина и пернат дивеч,

8) производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч и

9) нуспроизводи од живина и пернат дивеч.

Член 2

(1) По исклучок од член 1 став (2) точка 5) од ова решение, може да се увезуваат производи од јајца од живина и пернат дивеч, и тоа:

1) цело јајце доколку било подложено на еден од следните третмани:

- 42 минути на температура од 55°C во средината на производот,

- 27 минути на температура од 57°C во средината на производот или

- 12 минути на температура од 59°C во средината на производот,

2) течна белка од јајце доколку била подложена на еден од следните третмани:

- 38 минути на температура од 55°C во средината на производот,

-17 минути на температура од 57°C во средината на производот или

- 5 минути на температура од 59°C во средината на производот,

3) жолчка со 10% сол доколку била подложена 3 минути на температура од 55°C во средината на производот и

4) белка во прав доколку била подложена 50 часа и 24 минути на температура од 57°C во средината на производот.

(2) По исклучок од член 1 став (2) точка 8) од ова решение, може да се увезуваат производи од месо кои се состојат од или содржат месо од живина и пернат дивеч, доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- 39,8 секунди на температура од 65°C во средината на производот,

- 3,6 секунди на температура од 70°C во средината на производот,

- 0,5 секунди на температура од 74°C во средината на производот или

- 0,03 секунди на температура од 80°C во средината на производот.

(3) По исклучок од член 1 став (2) точка 9) од ова решение, може да се увезуваат одредени нуспроизводи од живина и пернат дивеч, и тоа:

1) нуспроизводи од живина и пернат дивеч различни од брашно од пердуви и брашно од живина, наменети за исхрана на животни, земјоделска или индустриска употреба, доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- влажен термички третман на температура од 65°C во времетраење од 30 минути или

- друг еквивалентен третман кој ќе го уништи вирусот на Њукастелска болест,

2) пердуви и подпердуви доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- фабрички измиени и третирани со топла пареа на 100°C во период од најмалку 30 минути,

- фумигација со формалин (10% формалдехид) во период од 8 часа,

- ирадијација со доза од 20 килогреј (kGy) или

- друг еквивалентен третман кој ќе го уништи вирусот на Њукастелска болест,

3) брашно од пердуви и брашно од живина доколку биле подложени на еден од следните третмани:

- влажен термички третман на температура од 118°C во времетраење од најмалку 40 минути,

- постојан третман под притисок од најмалку 3,79 бара (bar) добиен со заситена пареа од најмалку 122°C во времетраење од најмалку 15 минути или

- алтернативен процес на топење кој обезбедува температура во внатрешноста на производот од 74°C во времетраење од најмалку 280 секунди и

4) трофеи од пернат дивеч доколку се подложени на третман кој ќе го уништи вирусот на Њукастелска болест.

Член 3

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 02 – 1506/1<br>22 јуни 2021 година<br>Скопје | Агенција за храна<br>и ветеринарство,<br>в.д. директор,<br>**Николче Бабовски,** с.р. |

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2391.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19), член 8 од Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/20 и 133/20) и Одлуката за определување на ескалираната густина $\rho_d$ и деескалираната густина $\rho_d$ на секој нафтен дериват и гориво за транспорт, висината на надоместокот P за премија, транспортните трошоци T до склад во Република Северна Македонија и висината на надоместокот D за трошоци за работење преку склад и трговска маржа со вклучени транспортни трошоци од склад до бензински станици и крајни потрошувачи („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.90/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28.6.2021 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

(1) Највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 71,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 73,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 63,00 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 62,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 37,152 (денари/килограм) |

(2) Трговците на големо и трговците на мало со нафтени деривати и горива за транспорт можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати и горива за транспорт и пониско од највисоките цени утврдени во став (1) од овој член.

(3) Највисоките малопродажни цени формирани согласно со став (1) на овој член, освен цената за Мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на Мазутот М-1 НС важи франко склад на трговец на големо со нафтени деривати и горива за транспорт во земјата.

(4) Во највисоките малопродажни цени формирани согласно со овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот за данокот за додадена вредност.

Член 2

(1) Во највисоките малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржани се и највисоките набавни цени, коишто изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 30,923 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | - | 32,565 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 29,326 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 29,021 (денар/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 28,095 (денари/килограм) |

Член 3

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, содржан е надоместок за трошоци за работење преку склад и трговска маржа, којшто за Еуросупер БС-95 е во износ од 5,526 денари/литар, за Еуросупер БС-98 е во износ од 5,579 денари/литар, за Еуродизел БС (Д-Е V) е во износ од 5,484 денари/литар и за Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) е во износ од 5,355 денари/литар, додека за Мазутот М-1 НС надоместокот е во износ од 2,500 денар/килограм.

Член 4

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука, со исклучок за Мазутот М-1 НС, содржан е надоместокот за транспортни трошоци од склад до бензински станици во износ од 0,75 денари/литар за сите нафтени деривати.

Член 5

Во највисоките малопродажни цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина што согласно член 184 став (1) од Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 0,080 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,030 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,040 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,050 (денари/килограм) |

Член 6

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што согласно член 24 став (3) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците при увоз и/или производство на нафтени деривати:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 0,890 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 0,300 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,740 (денари/килограм) |

Член 7

Во највисоките малопродажните цени утврдени со членот 1 од оваа одлука акцизите што ги плаќаат обврзниците согласно прописите за акцизи, изнесуваат:

| | | |
|---|---|---|
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | - | 22,00 (денари/литар) |
| - Моторен бензин - ЕУРОСУПЕР БС - 98 | - | 22,00 (денари/литар) |
| - Дизел гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | - | 17,50 (денари/литар) |
| - Масло за горење - Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | - | 17,50 (денари/литар) |
| - Мазут М-1 НС | - | 0,100 (денари/килограм) |

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе отпочне да се применува од 00:01 часот на 29.6.2021 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-1186/1
28 јуни 2021 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 16) të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19), nenit 8 të Rregullores së Formulimit të Çmimeve më të Larta të Shitjes me Pakicë të Derivateve të Ndryshme të Naftës dhe të Lëndëve Djegëse të Transportit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 108/20 dhe 133/20) dhe vendimit për përcaktimin e dendësisë së përshkallëzuar $\rho_e$ dhe dendësisë së pashkallëzuar $\rho_e$ të secilit derivat të naftës dhe të lëndës djegëse të transportit, të shumës së kompensimit P për premi, të shpenzimeve të transportit T, te depozita në Republikën e Maqedonisë së Veriut dhe të shumës së kompensimit D të shpenzimeve të punës, nëpërmjet depozitës dhe marzhës tregtare me shpenzime të përfshira të transportit nga depozita, te stacionet e benzinës dhe te konsumatorët e fundit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.90/21) Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 28.06.2021, miratoi

**V E N D I M
PËR PËRCAKTIMIN E ÇMIMEVE MË TË LARTA TË SHITJES ME PAKICË TË DERIVATEVE TË NAFTËS DHE TË LËNDËVE DJEGËSE TË TRANSPORTIT**

Neni 1

(1) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit janë:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 71,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 73,00 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 63,00 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 62,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 37,152 (denarë/kilogram) |

(2) Tregtarët me shumicë dhe pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, mund të formulojnë çmime edhe më të ulëta të derivateve të ndryshme të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, se çmimet më të larta të përcaktuara sipas paragrafit (1) të këtij neni.

(3) Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas paragrafit (1) të këtij neni, përveç çmimit të mazutit M-1 SU, vlejnë për franko stacionet e pompimit, ndërkaq çmimi i Mazutit M-1 SU vlen për deponime franko të tregtarit me shumicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit brenda vendit.

(4) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të formuluara sipas këtij neni, përfshihet edhe tatimi i vlerës së shtuar sipas Ligjit të Tatimit të Vlerës së Shtuar.

Neni 2

(1) Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë të derivateve të naftës dhe të lëndëve djegëse të transportit, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, janë përfshirë edhe çmimet më të larta të blerjes, të cilat arrijnë vlerën prej:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 30,923 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS – 98 | - | 32,565 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 29,326 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 29,021 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 28,095 (denarë/kilogram) |

Neni 3

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi i shpenzimeve të punës, nëpërmjet depos dhe marzhës tregtare, që për Eurosuperin BS-95 është 5,526 denarë/litër, për Eurosuperin BS-98 është 5,579 denarë/litër, për Eurodizelin BS (D-E V) është 5,484 denarë/litër dhe për Vajin Ekstra të Lehtë 1 (EL-1) është 5,355 denarë/litër, ndërkaq për Mazutin M-1 SU kompensimi është 2,500 denarë/kilogram.

Neni 4

Çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, me përjashtim të Mazutit M-1 SU, përfshijnë edhe kompensimin e shpenzimeve të transportit, nga depoja te pompat e benzinës, në vlerë prej 0,75 denarë/litër për të gjitha derivatet e naftës.

Neni 5

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është i përfshirë edhe kompensimi i financimit të aktiviteteve të fushës së mjedisit jetësor, që sipas nenit 184, paragrafi (1), të Ligjit të Mjedisit Jetësor, e paguajnë tatimpaguesit e përcaktuar me këtë ligj:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 0,080 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,030 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 0,040 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,050 (denarë/kilogram) |

Neni 6

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, është përfshirë edhe kompensimi i rezervave të detyrueshme të naftës dhe të derivateve të naftës, të cilin në pajtueshmëri me nenin 24, paragrafi (3) të Ligjit të Rezervave të Detyrueshme të Naftës dhe të Derivateve të Naftës, e paguajnë tatimpaguesit gjatë importit dhe/ose prodhimit të derivateve të naftës:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 0,890 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 0,300 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,740 (denarë/kilogram) |

Neni 7

Në çmimet më të larta të shitjes me pakicë, të përcaktuara sipas nenit 1 të këtij vendimi, akcizat që i paguajnë tatimpaguesit në pajtueshmëri me rregullat e akcizave kanë këto vlera:

| | | |
|---|---|---|
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 95 | - | 22,00 (denarë/litër) |
| - Benzinë motori - EUROSUPER BS - 98 | - | 22,00 (denarë/litër) |
| - Naftë motori - EURODIZEL BS (D-E V) | - | 17,50 (denarë/litër) |
| - Vaj për djegie - EKSTRA I LEHTË 1 (EL-1) | - | 17,50 (denarë/litër) |
| - Mazut M-1 SU | - | 0,100 (denarë/kilogram) |

Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, ndërkaq do të fillojë të zbatohet në orën 00:01 të datës 29.6.2021 dhe do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Nr. 02-1186/1
28.6.2021
Shkup

Kryetar
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të
Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

---

**2392.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 1, а во врска со член 28 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24 јуни 2021 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНИ ПРОСЕЧНИ ТАРИФИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Во Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазар на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.95/19, 103/19 и 161/20) во членот 17-а во ставот (1), зборовите „воена, вонредна и/или кризна состојба" се заменуваат со зборовите „вонредна состојба".

Во ставот (2) зборовите „воената, вонредната и/или кризната состојба" се заменуваат со зборовите „вонредната состојба".

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.01-1177/1
24 јуни 2021 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1) nënpika 1 dhe në lidhje me nenin 28 të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 24 qershor 2021, miratoi

**RREGULLORE**
**PËR NDRYSHIMIN E RREGULLORES SË MËNYRËS DHE TË KUSHTEVE TË PËRCAKTIMIT TË TË HYRAVE TË RREGULLUARA MAKSIMALE DHE TË TARIFAVE TË RREGULLUARA MESATARE TË TRANSMETIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE, TË ORGANIZIMIT DHE TË MENAXHIMIT TË TREGUT TË ENERGJISË ELEKTRIKE DHE TË SHPËRNDARJES SË ENERGJISË ELEKTRIKE**

Neni 1

Në Rregulloren e Mënyrës dhe të Kushteve të Përcaktimit të të Hyrave të Rregulluara Maksimale dhe të Tarifave të Rregulluara Mesatare të Transmetimit të Energjisë Elektrike, të Organizimit dhe të Menaxhimittë Tregut të Energjisë Elektrike dhe të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 95/19, 103/19 dhe 161/20), në nenin 17-a, në paragrafin (1), fjalët: “gjendje lufte, e jashtëzakonshme dhe/ose krize“, zëvendësohen me fjalët: “gjendje e jashtëzakonshme“.

Në paragrafin (2), fjalët: “gjendje lufte, e jashtëzakonshme dhe/ose krize“, zëvendësohen me fjalët: “gjendje e jashtëzakonshme“.

Neni 2

Kjo Rregullore hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, ndërkaq botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr.01-1177/1
24 qershor 2021
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

---

**2393.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7, а во врска со член 29, став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 јуни 2021 година донесе

**Т А Р И Ф Е Н  С И С Т Е М**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ КОИ ГИ СНАБДУВА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ И СНАБДУВАЧОТ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ**

Член 1

Во Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувач во краен случај („Службен весник на Република Македонија“ бр.164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20), во членот 27-а во ставот (1) зборовите „воена, вонредна и/или кризна состојба“ се заменуваат со зборовите „вонредна состојба“.

Во ставот (2) зборовите „воената, вонредната и/или кризната состојба“ се заменуваат со зборовите „вонредната состојба“.

Член 2

Овој тарифен систем влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.01-1178/1
24 јуни 2021 година
Скопје

Претседател
на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

Në bazë të nenit 24 paragrafi (1) pika 1) nënpika 7 dhe në lidhje me nenin 29 paragrafi (1) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më 24 qershor 2021, miratoi

**SISTEM TARIFOR**
**PËR NDRYSHIMIN E SISTEMIT TARIFOR TË SHITJES SË ENERGJISË ELEKTRIKE PËR KONSUMATORËT QË I FURNIZON FURNIZUESI UNIVERSAL DHE FURNIZUESI NË RASTIN E FUNDËM**

Neni 1

Në Sistemin Tarifor të Shitjes së Energjisë Elektrike për Konsumatorët që i Furnizon Furnizuesi Universal dhe Furnizuesi në Rastin e Fundëm (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ nr.164/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr.161/20), në nenin 27-a, në paragrafin (1), fjalët: “gjendje lufte, e jashtëzakonshme dhe/ose e krizës“ zëvendësohen me fjalët „gjendje e jashtëzakonshme“.

Në paragrafin (2), fjalët: “gjendje lufte, e jashtëzakonshme dhe/ose krize“, zëvendësohen me fjalët: “gjendje e jashtëzakonshme“.

Neni 2

Ky Sistemi Tarifor hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, ndërkaq botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr.01-1178/1
24 qershor 2021
Shkup

Kryetari
i Komisionit Rregullator i Energjetikës
dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës Maqedonisë së Veriut,
**Марко Бислимоски,** d.v.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29, Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – м-р Татијана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2021 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово

ISSN 0354-1622